25262

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ

# НОВИ ПОДАРЕНИ ТВОРБИ

● **Дарители на Музејот се ликовни уметници од ЧССР и Грција**

Меѓународната колекција на Музејот за современа уметност од Скопје деновиве се збогати со нови графики, слики, скулптури и цртежи од група уметници од ЧССР и Грција.

Дваесет и седум графики во техниката литографија на МСУ му подари чехословачкиот ликовен уметник Владимир Јужек, а деновиве, исто така, пристигнаа и повеќе ликовни дела од шеснаесет современи грчки уметници, чии творби се инспирирани од најновите космички летови

Делата на овие шеснаесетмина дарители од Грција, заедно со подарените дела од минатата година, ја надополнуваат збирката на МСУ што претставува панорама на најновите тенденции во грчката ликовна уметност.

Љ. Б.

ВЕЧЕР ☆ 14 јуни 1979 година

4962, 14,